# ИЗВЕШТАЈ
## од програмскиот надзор (мониторинг) на програмата на ТРД ТВ КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје емитувана на 10 април 2014 година

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 14.04.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2289/2 | 1 | |

***Утврдени прекршувања:***

1. **<u>Член 77 став 1 од Изборниот законик</u>** (резултати од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес се објавуваат најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите за првиот и вториот круг на гласање)

| Датум | Период на емитување | Опис |
|---|---|---|
| **10 април 2014 година** | од 15:18:33 до 15:22:01 | Прилог во вести, со резултати од испитување на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес за Претседателските избори 2014 година.<br>Прилогот е емитуван под наслов: Анкета на „Павел Шатев“: Огромна предност на ВМРО ДПМНЕ пред СДСМ<br>Според член 77 став 1 од Изборниот законик резултати од испитување на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес за Претседателските избори се објавуваат најдоцна до 7 април 2014 година. |

***Опис на прекршувањето:***

Спротивно на член 77 став 1 од Изборниот законик, на 10 април 2014 година, на програмата на ТРД ТВ КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје емитуван е прилог во вестите од 15 часот, со резултати од испитување на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес за Претседателските избори 2014 година.

***Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги***